# ПРОЛОНГИРАН РОКОТ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊА ЗА СУБВЕНЦИИ

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги известува земјоделските стопанства дека е пролонгиран рокот за поднесување барања за директни плаќања.

Со измените во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2013 година и Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2013 година се пролонгира рокот за поднесување на барања за субвенции и наместо до 30 август 2013 година, земјоделците барањата за субвенции ќе можат да ги поднесат до 20 септември 2013 година.

Продолжениот рок за поднесување на барањата за субвенции ќе придонесе за целосен опфат на земјоделските стопанства во процесот на поднесување на барања.

Доколку некое земјоделско стопанство не го остварило правото на директни плаќања по поднесено барање во 2012 година поради подмирување на овие обврски со задоцнување, истото ќе може да го оствари оваа година со поднесување на посебно барање кое може да се подигне во подрачните единици на министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
Воедно, ги потсетуваме сите земјоделски стопанства, баратели на субвенции дека рокот за подмирување на обврските по основ на воден надомест и надомест за користење на пасишта како и рокот за поднесување на барања по овој основ истекува на 31.10.2013 година.